# Дневна хемеротека за *22.01.2016г.*

## Телма - *Здружената иницијатива „Излези за воздух“: Надлежните го игнорираат загадувањето на воздухот*

ТЕЛМА

Вести | Спорт | Промо серии и филмови | Филмови | Програма | К

### Здружената иницијатива „Излези за воздух“: Надлежните го игнорираат загадувањето на воздухот

Ми се допаѓа | Сподели 0 | Tweet | G+1 0 | Pin it | 21 January, 2016 - 11:




Здружената иницијатива „Излези за воздух“ преку соопштение ја информира јавноста дека Владата, како и Министерството за животна средина не презедоа,како што велат, ниту една од краткорочните мерки за намалување на канцерогените ПМ10 и ПМ2.5 честички, кои беа ултимативно побарани на протестот, кој беше одржан на 28 декември. Здружението смета и дека, Министерството не ги имплементираше ниту мерките кои самите ги најавија на нивната официјална веб страница на 15 декември.

-Сметаме дека надлежните, пред се Владата на РМ, МЖСПП и општините ја игнорираат оваа елементарна непогода и со тоа директно го загрозуваат здавјето и животот на граѓаните. Заради ваквото нивно скандалозно, незаконско и неетично однесување, 2015 година ќе остане запаметена по рекордното и незаконско аерозагадување.

-За да ги спречиме институциите и понатаму да си поигруваат со нашето здравје и за да се избориме за уставното право за чист воздух и здрава животна средина, наскоро ќе започнеме со најавени и ненајавени граѓански акции. Роковите кои заедно со граѓаните им ги дадовме на институциите се прекршени и заради тоа ќе следува соодветен граѓански одговор, се вели во соопштнието на Здружената иницијатива „Излези за воздух".

## Локално - *„Излези за воздух“: Надлежните не презедоа мерки, ќе следува граѓански одговор*

Според здружените иницијативи „Излези за воздух“, Владата, Министерството за животна средина и просторно планирање и општините не презеле ниту една од краткорочните мерки за намалување на концентрациите на канцерогените честички ПМ10 и ПМ2,5, кои ...

## Фокус - *Излези за воздух: Властите не презедоа ниту една мерка за почист воздух*

За да ги спречиме институциите и понатаму да си поигруваат со нашето здравје и за да се избориме за уставното право за чист воздух и здрава животна средина, наскоро ќе започнеме

## Репортер - *Здружените иницијативи „Излези за воздух“: Вие молчите, ние се задушивме*

„Ние, здружените иницијативи „ Излези за воздух “ констатираме дека Владата на РМ, Министерството за животна средина и просторно планирање и општините во РМ не презедоа ниту една од краткорочните мерки за намалување на канцерогените ПМ10 и ПМ2.5 ...

## А1 Он - *Здружените иницијативи „Излези за воздух“: Вие молчите, ние се задушивме*

„Ние, здружените иницијативи „ Излези за воздух “ констатираме дека Владата на РМ, Министерството за животна средина и просторно планирање и општините во РМ не презедоа ниту една од краткорочните мерки за намалување на канцерогените ПМ10 и ПМ2.5 ...

## +инфо - *Граѓаните најавуваат акции против владиниот молк за загаденоста*

Здружените иницијативи „Излези за воздух“ денеска известија дека Владата на РМ, Министерството за животна средина и просторно планирање и општините во РМ не презеле ниту една од краткорочните мерки за намалување на канцерогените ПМ10 и ПМ2.5

## МИА – *Изаири во работна посета на Прилеп*

ПЕТОК, 22 ЈАНУАРИ 2016, 11:02:34

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

Малку поинаква математика за целото семејство!

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија | Изаири во работна посета на Прилеп

### Изаири во работна посета на Прилеп

Препорачај 0

петок, 22 јануари 2016 07:29



**Прилеп, 22 јануари 2016 (МИА)** - Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, денеска ќе ја посети општина Прилеп, при што ќе оствари работна средба со градоначалникот Марјан Ристески.

Во рамките на посетата ќе биде посетена и локацијата каде што се гради пречистителната станица за отпадни води за градот Прилеп.**скс/бк/07:29**

## Порта 3 - [Работилница за промоција на енергетската ефикасност на општините]

ПОРТА3
ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА
ЕКОЛОГИЈА

# Работилница за промоција на енергетската ефикасност на општините

Like 0 Share 0 Tweet G+1 0 Pin it



Примената на енергетската ефикасност на објектите во надлежност на локалните самоуправи директно ќе придонесе кон намалување на нивните трошоци, ќе обезбеди одржлив развој и ќе го намали негативното влијание врз животната средина. Ова е заклучокот од работилницата за претставување на резултатите од проектот „Промоција на енергетската ефикасност на општините во Македонија" што се одржа во Струмица.

- Локалните самоуправи се главните носители за енергетска ефикасност кои треба да достигнат до 9 отсто до 2018 година. Што се однесува до капацитетот зависи од општина до општина. Има општини, кои имаат Одделенија за енергетска ефикасност, како Струмица на пример, кои имаат постигнато значајни работи во ова поле. Но, има и општини кои не се екипирани и тоа со право. Овој проект е наменет за помалите општини кои немаат можности за самостојно да обезбедат планови и програми за енергетска ефикасност, да им се помогне со профизибилити студии за да може да аплицираат пред меѓународни проекти, изјави Владимир Сарач, претставник од Агенцијата за енергетика.

Светска банка преку проектот за подобрување на општинските услуги обезбеди поддршка за инвестиции во подобрување на енергетската ефикасност во јавните згради на општините. Податоците покажуваат дека ваквата инвестиција во локалната самуправа во Богданци ја намалила потрошувачката на електрична енергија за 38 отсто во периодот од 2012-та до 2014 година, во споредба од 2008-ма до 2009 година.

- Заштедата на енергија е многу битна за општините. Тоа е поврзано со придобивките кои ќе ги видат општините. Со процесот на фискалната децентрализација, општните имаа повеќе средства на располагање. После инвестирањето во мерките за енергетска ефикаснот на општините ќе им останат повеќе пари, и ќе бидат поштедливи и поефикасни. Имаме програма преку Министерство за финансии со кои им се даваат кредити на општините. Некои општини ги насочија тие пари за енергетска ефиксасност на пример за промена на јавните светилките со штедливи каде заштедите беа до 40 отсто, оние кои заменија фасади заштедија до 10-15 отсто во зависност од објектите, а вакви заштеди имаше и кај оние општини кои го сменија начинот на греење, рече Беким Имери, претставник од Светска банка.

## Сител - *Работилница за промоција на енергетската ефикасност на општините*

Примената на енергетската ефикасност на објектите во надлежност на локалните самоуправи директно ќе придонесе кон намалување на нивните трошоци, ќе обезбеди одржлив развој и ќе го намали негативното влијание врз животната средина.

## Fox.mk - [Дикаприо донира 15 милиони долари за заштита на животната средина]

FOX

# Дикаприо донира 15 милиони долари за заштита на животната средина

21/01/2016 | 20:53

**Холивудскиот актер Леонардо ди Каприо (41) на економскиот самит во Давос најави дека неговата фондација ќе донира 15 милиони долари за заштита на животната средина.**

Ми се допаѓа 2 Share Tweet G+1 0




„Не можеме да дозволиме коорпоративната алчност за јаглен, нафта и гас да ја формира иднината на човештвото – нагласи Дикаприо.

Познатиот актер изјави дека е почестен што има можност во Давос да укаже на опасноста од климатските промени.

Актерот е поборник за заштита на животната средина и домородните народи, ги потсети политичарите на обврските кои ги преземаа на неодамнешниот самит за климата во Париз.

## Пулс24 - *Повеќе пластика отколку риба во океаните до 2050 година!*

Puls 24

# Повеќе пластика отколку риба во океаните до 2050 година!

‹ ПРЕТХОДНА ВЕСТ | СЛЕДНА ВЕСТ ›

**Масовното користење на пластика ќе доведе до тоа дека во 2050 година во океаните како последица да има повеќе пластичен отпад отколку риба, предупреди денеска Светскиот економски форум, цитиран од CNN.**



Пластиката стана еден од најпопуларните материјали во светот, комбинирајќи неверојатна функционалност и многу ниски трошоци за производство.

Употребата на пластиката е зголемена 20 пати во последните 50 години и се очекува да се зголеми двојно во текот на следните 20 години.

Најмалку 8 милиони тони пластика се исфрлаат во океанот секоја година, што е еквивалентно на празнењето на еден полн камион за ѓубре секоја минута, дополнува во истражувањето кое вклучува и анализа на Центарот за бизнис и животна средина „Мекензи“.

Светските океани во моментов содржат 150 милиони тони пластика. При одржување на темпото на загадување, во нив ќе има по еден тон пластика за секои три тони риба во 2025 година и повеќе пластика отколку фауна до 2050 година, предупредуваат авторите на студијата.

Документот е изготвен преку интервјуа со 180 експерти и се базира на анализа на над 200 извештаи. Форумот забележува дека единствениот начин да се избегне катастрофата е да се подобрат економијата и ефикасноста на рециклирањето.